

# ПРОГРАМА HORIZONTAL FACILITY ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ЗА ТУРЦИЈА

Борба против корупцијата, економскиот и организираниот криминал

Обезбедување правда

Промовирање на недискриминацијата и заштитата на правата на ранливите групи

Механизам за координација на експертизата

http://horizontal-facility-eu.coe.int

Horizontal Facility for Western Balkans and Turkey

Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

На 11 април 2016 година Торбјорн Јагланд, генерален секретар на Советот на Европа, и Јоханес Хан, комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската Унија, најавија нова иницијатива за соработка помеѓу двете организации наменета како поддршка на Југоисточна Европа и Турција во нивните напори за усогласување со европските стандарди. Иницијативата е наречена „Horizontal Facility“ за Западен Балкан и за Турција на Европската Унија/Совет на Европа.

## ФОКУСОТ И ОБЛАСТА НА РАБОТЕЊЕ НА „HORIZONTAL FACILITY“

„Horizontal Facility“ е тригодишна програма (мај 2016 – април 2019 година) и се фокусира на три теми:

- обезбедување правда;
- борба против корупцијата, економскиот и организираниот криминал;
- промовирање на недискриминација и заштита на правата на ранливите групи.

Програмата има буџет од 25 милиони евра[1]

Со „Horizontal Facility“ Европската Унија и Советот на Европа ќе им помогнат на корисничките во Југоисточна Европа и Турција да се усогласат со стандардите на Советот на Европа, како и со acquis на Европската Унија, во рамките на процесот на проширување. „Horizontal Facility“ се потпира на единствените методи на работа на Советот на Европа, додека пак прилагодените активности за техничка соработка се базираат на заклучоците и препораките на телата на Советот на Европа кои спроведуваат мониторинг и преку нив се укажува на областите во кои е потребно натамошно унапредување на законодавството и на политиките на земјите-кориснички за да постигнат усогласеност со спогодбите и стандардите на Советот на Европа.

1. Европската комисија обезбеди 20 милиони евра, додека Советот на Европа 5 милиони евра.

## Стратешки триаголник на Советот на Европа




## КОРИСНИЦИ НА „HORIZONTAL FACILITY“

Освен оваа земја, корисници на техничката соработка се и Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора и Србија. Вклученоста на Турција ќе биде ограничена на добивање правна анализа/совети преку Механизам за координација на експертизи на Советот на Европа и на потенцијални регионални активности.

## ПОСТАВЕНОСТА НА „HORIZONTAL FACILITY“

Во обезбедувањето поддршка за корисничките, „Horizontal Facility“ ќе го следи комплементарниот пристапот на две комплементарни компоненти: 1) техничка соработка во форма на совети, градење капацитети и други форми на техничка поддршка прилагодени на потребите на секоја корисничка, со цел унапредување на усогласеноста со европските стандарди и 2) механизмот за координација на експертизи кој предвидува давање на експертска помош за законодавството и совети за јавни политики од страна на Советот на Европа а на барање на земјите-кориснички на теми опфатени со Програмата како и на прашања поврзани со слобода на изразување и медиумите и одредени уставни прашања што припаѓаат во рамките на мандатот на Европската комисија за демократија преку право (позната како Венецијанска комисија).

---

* Овој назив е без прејудицирање на статусот и е во согласност Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и со мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.

# ОБЛАСТИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Во зависност од потребите и приоритетите на засегнатите земји-корисднички, ќе се работи на различни компоненти.

## Обезбедување правда

Работата на оваа тематска област ќе се фокусира на затворите и на полицијата (вклучувајќи човекови права во работењето на полицијата, здравствена заштита во затворите и заштита од мачење и малтретирање), стандардите на човековите права во судството (со фокус на зајакнување на примената на судската практика на Европскиот суд за човекови права), ефикасноста на правосудните системи (со фокус на анализирање на судската статистика и оптимизирањето на судската администрација) и/или правна соработка (што ќе се фокусира на индивидуалната независност на судиите и на обвинителите и одговорност на правосудниот систем).

## Борба против корупцијата, економскиот криминал и организираниот криминал

„Horizontal Facility“ понатаму ќе ја има како цел борбата против корупцијата, перењето пари и борбата против финансирање тероризам што ќе вклучува мерки со кои ќе се решава за транспарентноста на финансирањето на политичките партии, системите за пријавување имот, националните процени на ризиците и развојот на капацитетите на единицата за финансиско разузнавање. Исто така, активностите на некои земји-корисднички особено ќе бидат насочени кон корупцијата во образованието.

## Промовирање на борбата против дискриминацијата и заштитата на правата на ранливите групи

Во зависност од потребите и приоритетите на засегнатите корисднички, работата во оваа област ќе се фокусира на поддршка на институцијата народен правобранител, инклузивно образование (што опфаќа прашања поврзани со расизам, насилство меѓу врсниците во училиштата, сегрегација и екстремизам во образовниот систем), борба против трговија со луѓе (со фокус на давање помош на жртвите на трговијата со луѓе), спречување на дискриминација на национални малцинства и/или врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет.

## ЗАЕДНИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ

Сите активности во рамките на „Horizontal Facility“ ќе се спроведуваат со почитување на човековите права, вклучувајќи ги и принципите на родова еднаквост – во согласност со Насоките за интеграција на начелото на родова рамноправност на Советот на Европа (Gender Mainstreaming Guidelines), како и со почитување на принципите за недискриминација, еднаквост и инклузивно учество, со фокус на ранливите групи и на малцинствата. Соработката со граѓанските организации ќе се реализира во согласност со  Насоките на Советот на Европа за учество на граѓанското општество во активностите на Советот на Европа (Guidelines on Civil Society Organizations' participation in Council of Europe's co-operation activities) и во согласност со Насоките на Европската комисија за поддршка од ЕУ на граѓанското општество во земјите од проширувањето (Guidelines for EU support to civil society in enlargement countries).

## ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

- **Веб-страница**
  http://horizontal-facility-eu.coe.int
- **Фејсбук**
  jp.horizontal.facility
- **Твитер**
  @CoE_EU_HF
- **Контакт**
  Канцеларија на Советот на Европа во Белград
  Блу Центар, блок 26, зграда Б
  Шпанских бораца 3
  11070 Белград
  Србија
  Тел.: +381 11 71 555 00
  Е-мејл: Horizontal.Facility@coe.int

PREMS112517 – Photos: Shutterstock

MKD

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на европскиот континент. Се состои од 47 земји-членки, од кои 28 се членки на Европската унија. Сите земји-членки на Советот на Европа се обврзаа да ја почитуваат Европската конвенција за човекови права, договор кој е изготвен со цел да се обезбеди почитување на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членки.

**www.coe.int**

Европската унија е единствено економско и политичко партнерство помеѓу 28 демократски европски држави. Нејзините цели се мир, просперитет и слобода за нејзините 500 милиони граѓани – во еден поправеден и побезбеден свет. Со цел да се реализираат нејзините активности, државите-членки на ЕУ воспоставија тела кои управуваат со ЕУ и го усвојуваат нејзиното законодавство. Главните тела се Европскиот парламент (кој ги претставува европските народи), Советот на Европската унија (кој ги претставува националните влади) и Европската комисија (која ги претставува заедничките интереси на ЕУ).

**http://europa.eu**

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe